**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

MEMBER OF fdi FDI World Dental Federation

**Бр. 02-832/2**

Скопје, 21.08.2021 година

Врз основа на член 27 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија *(Сл.весник на РСМ бр. 118/2021)*, Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија на својата **22-ра седница**, одржана на **21.08.2021 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за дополнување на листа на испитувачи, членови на испитни комисии за полагање на стручен испит за доктори на стоматологија**

**Член 1**

Се дополнува листата на испитувачи, членови на испитни комисии за полагање на стручен испит за доктори на стоматологија, чиј состав е објавен во одлуката бр. 02-143/3 од 21.01.2021 г. на Извршниот одбор на Комората.

**Член 2**

Листата на испитувачи - членови на испитни комисии за полагање на стручен испит за доктори на стоматологијата се дополнува со следните доктори на стоматологија:

1. **Д-р Марјан Петков и**
2. **Д-р Весна Јуруковска.**

**Член 3**

Дополнетата листа на испитувачи ќе се достави до Претседателот на Комората, кој е надлежен за формирање испитни комиси, согласно член 4 од Правилникот за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверката на стручните знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата (Сл.весник на РСМ бр. 148/2020).

**Член 4**

Листата на испитувачи ќе се ажурира на секои 6 месеци.

Подносителот на Пријавата за испитувач е должен за секоја промена на податоците внесени во Пријавата да ја извести Стоматолошката комора на Македонија во најкраток можен рок.

**Член 5**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ИЗВРШЕН ОДБОР,**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË SHKUP СКОПЈЕ